**20160681986**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 209/15), а во врска со член 49, став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр.52/10 и 135/11), член 2 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.23/09) и точка 2 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2016 година („Службен весник на Република Македонија” бр.2/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.4.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 12.000.000 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2016 година, раздел 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфер до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, како учество на Републиката во финансирањето на следните здруженија и фондации:

| Реден број | Архивски број | НАЗИВ | | ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 29-69/1 | Регионален центар за застапување | Делчево | Изработка на локален еколошки акционен план на општина Делчево |
| 2. | 29-17/1 | Организација на жени турчинки од Македонија Дерја | Скопје | Креирање на живот без насилство (кај жените од малцинствата) |
| 3. | 29-95/1 | Здружение за хуманитарни активности Синергија | Штип | Чекори за самовработување на младите - од хоби до сопствен бизнис |
| 4. | 29-126/1 | Здружение на лица со церебрална парализа | Велес | Мрежа на услуги Стратегија за промени |
| 5. | 29-151/1 | Фондација за негување на Македонското културно наследство Македоника | Скопје | Дигитализирање на делата на македонските преродбеници и автори што се од витален интерес за македонската нација |
| 6. | 29-43/1 | Здружение Извиднички одред Димитар Влахов | Велес | Младинско самовработување - младинска самопомош |
| 7. | 29-192/1 | Здружение за истражување и развој ИТ КРЕАТИВ | Битола | Стара битолска чаршија - историја, култура, наследство |
| 8. | 29-201/1 | Здружение на граѓани Центар за европски развој и интеграција | Битола | О3 (О-Три) - (Општествено одговорни организации) Проект за јакнење на капацитетот на граѓанските организации за поддршка на имплементација на општествено одговорни практики кај малите и средните бизниси |
| 9. | 29-216/1 | Здружение на граѓани Симбиоза | Штип | Соларна енергија - енергија за целиот дом |
| 10. | 29-219/1 | Здружение Минерва тим | Свети Николе | Семејните вредности-стожер на здраво општество |
| 11. | 29-22/1 | Здружение Извор Кратово | Кратово | Уредување на просторот на споменикот на природата - Куклица |
| 12. | 29-52/1 | Здружение за развој на ромската заедница Сумнал | Скопје | Книгата е наше богатство |
| 13. | 29-145/1 | Здружение за заштита и развој на руралните простори Извор | Кичево | Детектирање и заштита на архитектонското и градителско културно наследство во Кичевско |
| 14. | 29-148/1 | Здружение Културно уметничко друштво Дримкол | Вевчани | Вевчанското нематеријално културно наследство - никулец за зачувување на етнокултурниот идентитет |
| 15. | 29-174/1 | Здружение за социјална и здравствена заштита | Кочани | Подадена рака |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Благородна мисија | | |
| 16. | 29-50/1 | Центар за развој на општеството Милениум | Врапчиште | Локална транспарентност - актуелни практики во општина Врапчиште |
| 17. | 29-125/1 | Здружение за соработка и развој АМГ Преспа | Скопје | Градење на препознатлив туристички имиџ преку заеднички туристички понуди по светски стандарди |
| 18. | 29-180/1 | Здружение на граѓани - Еколошко друштво Скардус | Тетово | Полошка холокултурна хармонија |
| 19. | 29-183/1 | Здружение за артикулација на младински интерес Форум за авангардна креативност ФАК | Прилеп | Авантуристичкиот туризам како мотивација за заштита на животната средина кај младиот човек |
| 20. | 29-12/1 | Здружение на граѓани за култура и уметност АН-БЛОК | Скопје | Меѓукултурниот дијалог - инструмент за мир |
| 21. | 29-235/1 | Здружение на граѓани Подобра иднина | Пробиштип | Лесново, манастирски туристички и угостителски бренд |
| 22. | 29-81/1 | Здружение Доверба | Куманово | Заедно со младите за поголема енергетска ефикснос |
| 23. | 29-177/1 | Здружение SOS Куманово | Куманово | Заедница на одговорни граѓани |
| 24. | 29-30/1 | Младински културен центар Тетово | Тетово | Фестивал - Тетова фест 2015 |
| 25. | 29-199/1 | Здружение на граѓани Кластер за туризам во осоговскиот прекугранчен регион | Крива Паланка | Подобра промоција за подобар туризам |
| 26. | 29-28/1 | Здружение на граѓани Центар за развој на земјоделие Еко продукт | Тетово | Работен клуб за млади |
| 27. | 29-34/1 | Влашко културно уметничко друштво Питу Гули | Скопје | Обновување на влашката народна носија од Источна Македонија |
| 28. | 29-175/1 | Здружение на граѓани Друштво за заштита на животните и животната средина Каприкорн 2010 | Струга | Поздрав од Македонија - Развој и валоризација на културното наследство од западниот регион |
| 29. | 29-225/1 | Коалиција на младински организации СЕГА | Прилеп | Македонски модел на обединети нации |
| 30. | 29-11/1 | Здружение за духовно обединување на Сетинци, Попадинци и Крушодари од Лерин во Македонија | Скопје | Културниот идентитет на Македонците по потекло од Егејскиот дел на Македонија како фактор за јакнење на довербата и коегзистенцијата меѓу македонскиот и грчкиот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | народ и нивните држави Македонија и Грција |
| 31. | 29-171/1 | Здружение за европска интеграција Европска гледна точка | Битола | Учениците и Европската унија |
| 32. | 29-185/1 | Здружение на креативни индивидуалци Нов Блесок | Битола | Со почитување на човековите права до намалување на корупцијата и криминалот во општеството |
| 33. | 29-25/1 | Здружение на граѓани политички прогонувани, затворани и осудувани за идените на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност | Скопје | Продолжување на активностите, носење на законот за рехабилитација и јакнење на владеењето на правото за потребите на граѓаните прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ од 1945 - 1990 год. и негување на придобивките од нивното делување |
| 34. | 29-41/1 | Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми Прогрес | Скопје | Борба против корупцијата |
| 35. | 29-92/1 | Фондација - Меморијален центар Никола Кљусев | Скопје | Современи ИТ алатки во наставата |
| 36. | 29-143/1 | Здружение за заштита, помош и унапредување на статусот на маргинализирани групи Градиме Иднина | Скопје | Проект за курс по англиски јазик, прв и втор степен за лица од маргинализирани групи граѓани на Здружение за заштита, помош и унапредување на статусот на маргинализирани групи Градиме Иднина |
| 37. | 29-111/1 | Здружение на граѓани и фондации Дитурија | Кичево | Традиционални носии, песни и ора на Кичевскиот регион |
| 38. | 29-163/1 | Фондација Бизнис Инкубатор Берово | Берово | Зголемување на туристичкиот капацитет и креирање на содржини за млади |
| 39 | 29-59/1 | Организација на жените на општина Свети Николе | Свети Николе | Изработка на стратегија за локален економски развој на Општина Свети Николе |
| 40 | 29-62/1 | Здружение на граѓани за демократија Тогедер | Битола | Професионален развој на младите во Пелагонискиот регион |

Член 2

Се задолжуваат здруженијата и фондациите од член 1 од Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна до 31 јануари 2017 година, да доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-3315/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.